# Контрола на постапките за јавните набавки

## Полугодишен извештај
## **01.01.2024-30.06.2024 година**

Биро за јавни набавки

# 1. СЕКТОР КОНТРОЛА

Бирото за јавни набавки преку Секторот Контрола врши управна контрола на постапките за јавни набавки и дава мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас согласно условите од Законот за јавните набавки.

Секторот Контрола се состои од две одделенија:

- Одделение за управна контрола и
- Одделение за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор.

Одделението за управна контрола заклучно со 30.06.2024 година се состои од 5 (пет) вработени административни службеници, додека одделението за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор се состои од 3 (тројца) вработени.

## 1.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВНА КОНТРОЛА

Одделението за управна контрола спроведува управна контрола на постапките за доделување на договори за јавни набавки. Имено, Бирото ја врши управната контрола согласно член 45 став (1) алинеја 6 од Закон за јавните набавки, односно согласно одредбите од Глава IX (член 172-178) од овој закон, одредбите од Правилникот за начинот на избор на постапките за јавни набавки кои ќе бидат предмет на управна контрола, како и за начинот на вршење управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2019) и Правилникот за содржината на записникот од извршената управна контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2019). Управната контрола врз постапките по јавна набавка започнува пред испраќање на известувањата за направениот избор, односно поништување со прилог - одлуката за избор, односно поништување на постапката до понудувачите кои учествувале во истата, па така на овој начин може да допринесе кон отстранување на утврдените неправилности (незаконски преземените дејствија или пропуштање на преземање на одредени дејствија) во сите фази од спроведената постапка.

Предмет на управна контрола се постапките за јавни набавки со проценета вредност над 500.000 евра во денарска противвредност кај набавката на стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавката на работи

Биро за јавни набавки

(член 172 став (3) од законот), понатаму, било која постапка за јавна набавка врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од овој закон и по случаен избор (член 172 став (4) од законот). Податоците за спроведените управни контроли според основот се презентирани во табела 1.

Табела 1

| Основа за извршување на управна контрола | Број на постапки 01.01-30.06.2024 година |
|---|---|
| Член 172 став (3) од Законот за јавните набавки | 165 |
| Член 172 став (4) од Законот за јавните набавки | 3 |

При вршење на управната контрола може да се констатираат 3 вида на неправилности при вршење на управна контрола и тоа: утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, но можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторна евалуација); утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (поништување на постапката) и утврдени неправилности со кои Договорниот орган треба да донесе нова одлука за избор/поништување (повторно одлучување).

Во табелата 2а и табела 2б е даден табеларен приказ на бројот на постапки за јавни набавки, според исходот, односно утврдениот наод и дадените инструкции од страна на Бирото за јавни набавки по спроведената управна контрола.

Табела 2а

| Исход од извршена управна контрола согласно член 177 став 3 од законот | Број на постапки 01.01-30.06.2024 година |
|---|---|
| Не се утврдени неправилности | 135 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (поништување на постапката) | 3 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, но можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторна евалуација) | 16 |

| | |
|---|---|
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторно одлучување) | 11 |
| **Вкупно** | **165** |

Табела 26

| **Исход од извршена управна контрола согласно член 177 став 4 од законот** | **Број на постапки 01.01-30.06.2024 година** |
|---|---|
| Не се утврдени неправилности | 3 |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (поништување на постапката) | / |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката, но можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторна евалуација) | / |
| Утврдени неправилности кои влијаат врз исходот на постапката и не можат да се отстранат од страна на Договорниот орган (повторно одлучување | / |
| **Вкупно** | **3** |

Управната контрола на постапките е спроведена врз основа надлежноста која произлегува од член 172 став (3) и став (4) од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија бр. 24/19“).

Одделението за управна контрола Бирото нема преземено дејствија согласно член 172 став 5 од законот, односно нема поднесено прекршочна пријава до надлежниот суд или надлежното јавно обвинителство на Република Македонија за неправилности кои имаат обележје на прекршок или казниво дело согласно Законот за јавните набавки.

Биро за јавни набавки

Кај постапките за јавна набавка кај кои Бирото за јавни набавки во записникот од спроведена управна контрола утврдило неправилности кои влијаат на исходот на постапката, договорните органи имаат можност да доставаат дополнително образложение. Овие дополнителни образложенија можат да бидат

прифатени или неприфатени од страна на Одделението за управна контрола. Доколку образложението се прифати, се изготвува измена на донесениот Записник од спроведената Управна контрола. Во спротивно, доколку истото не се прифати постапката се препраќа до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Во табела 3а и табела 3б е даден преглед како постапило Бирото за јавни набавки по добиените образложенија од страна на Договорните органи.

Табела 3а

| Постапување на Бирото за јавни набавки по добиено дополнително образложение за постапки согласно член 172 став 3 | Број на постапки 01.01-30.06.2024 година |
|---|---|
| Прифатено дополнително образложение и донесување на Измена на Записник од спроведена управна контрола | 4 |
| Неприфаќање на дополнително образложение и препраќање на постапката за јавна набавка до Државната комисија за жалби по јавни набавки | 4 |
| **Вкупно доставени дополнителни образложенија** | **8** |

Табела 3б

| Постапување на Бирото за јавни набавки по добиено дополнително образложение согласно член 172 став 4 | Број на постапки 01.01-30.06.2024 година |
|---|---|
| Прифатено дополнително образложение и донесување на Измена на Записник од спроведена управна контрола | / |
| Неприфаќање на дополнително образложение и препраќање на постапката за јавна набавка до Државната комисија за жалби по јавни набавки | / |
| **Вкупно доставени дополнителни образложенија** | **/** |

Биро за јавни набавки

По добиените Одлуки за неприфаќање на дополнителното образожение, Државната комисија за жалби по јавни набавки ги разгледува дадените инструкции на Бирото и дополнителното образложение на договорниот орган и одлучува дали дополнителното образложение е прифатливо. Во табела 4а и табела 4б е даден табеларен приказ на овие податоци.

Табела 4а

| Начин на одлучување на Државната комисија за жалби по јавни набавки по однос на доставено дополнително образложение од страна на договорниот орган против Записник од извршена управна контрола (член 172 став 3) | Број на донесени решенија 01.01-30.06.2024 година |
|---|---|
| Решение со кое се потврдува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение | 3 |
| Решение со кое се отфрла Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение како неуредна | / |
| Решение со кое се поништува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение и се прифаќа дополнителното образложение на договорниот орган | 1 |
| **Вкупно** | **4** |

Табела 4б

| Начин на одлучување на Државната комисија за жалби по јавни набавки по однос на доставено дополнително образложение од страна на договорниот орган против Записник од извршена управна контрола (член 172 став 4) | Број на донесени решенија 01.01-30.06.2024 година |
|---|---|
| Решение со кое се потврдува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение | / |
| Решение со кое се отфрла Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение како неуредна | / |
| Решение со кое се поништува Одлуката за неприфаќање на дополнителното образложение и се прифаќа дополнителното образложение на договорниот орган | / |
| **Вкупно** | **/** |

## 1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕТХОДНО МИСЛЕЊЕ И УПРАВНА КОНТРОЛА СПОРЕД ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И СЛУЧАЕН ИЗБОР

Согласно член 55 став 1, точка в) и г) од законот, пред отпочнување со постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, договорниот орган треба да обезбеди мислење од Бирото за јавни набавки за исполнетоста на условите за спроведување на оваа постапка. Претходната контрола ја извршува одделението за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор во по добиено барање од страна на договорниот орган.

Согласно Законот за јавните набавки во членот 55 став 1, точка в) ги обврзува договорните органи да побараат претходно мислење од Бирото во следните случаи:

- кога целта на јавната набавка е да се создаде или добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби,
- кога поради технички причини нема конкуренција за предметот на набавката или
- за заштита на ексклузивни права, вклучувајќи ги и правата на интелектуална сопственост.

Согласно член 55 став 1, точка г) од законот, договорниот орган бара претходно мислење од Бирото кога има потреба за спроведување на постапка од крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и притоа, роковите за другите постапки не можат да се применат.

Спроведувањето на претходна контрола започнува по добиено барање за постапка со преговарање без објавување на оглас. Одделението за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор го обработува барањето и документите во прилог и издава претходно мислење за исполнетоста на условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, во законски утврден рок согласно член 55 став 7, односно 5 работни дена за постапка со преговарање без објавување на оглас за постапки по итност и 10 работни дена за постапки со преговарање без објавување на оглас во случаите каде договорниот орган треба да спроведе постапка поради технички причини, за заштита на ексклузивни права или кога целта на јавната набавка е да

Биро за јавни набавки

се создаде или добие уникатно уметничко дело или уметнички изведби. Во табелата 5 е даден приказ на пристигнатите барања за мислења за исполнетоста на условите за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас од страна на договорните органи.

Табела 5

| Барање за мислење | Одговор | Број | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Барања за мислење согласно член 55 став 1, точка в), | Позитивно | 104 | 106 |
| | Негативно | 2 | |
| Барања за мислење согласно член 55 став 1, точка г), | Позитивно | 19 | 31 |
| | Негативно | 12 | |
| Повлечени барања | 14 | | |
| Известувања | 4 | | |

Биро за јавни набавки